**Соопштение за заверка на зимскиот семестар и упис на летниот семестар во учебната 2022/2023 година за студентите на ТРЕТ циклус-докторски студии**

се известуваат студентите на ТРЕТ циклус студии, на Природно-математичкиот факултет во Скопје, дека заверувањето на зимскиот семестар и запишувањето на летниот семестар во уч. 2022/2023 година ќе се одвива во периодот од

13.02.2023 до 24.02.2023 г., од 10:00-15:00 часот,

во просторијата на Одделението за студентски прашања.

Потребни документи:

**I Студенти запишани ПО ПРВ ПАТ во уч.2022/2023 г.**

1. Индекс, со собрани потписи од предметните професори за запишаните предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување, од првиот семестар,
2. образец за заверување на зимскиот (прв) семестар во уч.2022/2023 г. (А4),
3. образец за запишување на летниот (втор) семестар во уч.2022/2023 г. (А3),

**II Студенти запишани ПО ПРВ ПАТ во уч.2021/2022 г. и уч.2020/2021 г.**

1. Индекс, со собрани потписи од раководител/ ментор за остварени обрски согласно структурата на студиската програма на трет циклус,
2. образец за заверување на зимскиот (трет или петти) семестар во уч.2022/2023 година (А4),
3. образец за запишување на летниот (четврти или шести) семестар во уч.2022/2023 година (А3),

Истите, обрасци треба да ги достават и студентите кои се запишале во вторите уписни рокови во учебните 2021/2022 и 2020/2021 години.

**III сите студенти доставуваат уплатница (образец ПП50) во износ на трошоците за студирање** за упис на семестар, согласно потпишаниот Договор за студирање на трет циклус академски-докторски студии (согласно динамика на ратите дефинирани во договорот, на соодветната студиска програма). Образец ПП50:

| | |
|---|---|
| - назив и седиште на примач | ПМФ – Скопје |
| - банка на примач | НБРСМ |
| - трансакциска сметка | 100000000063095 |
| - сметка на буџетски корисник на ПМФ | 1600110804 788 19 |
| - приходна шифра-програма-начин | 723012 - 41 – 2 |
| - цел на дознака | (надоместок за упис на летен семестар на ТРЕТ циклус студии, Институт за ______ во уч.2022/2023 г.) |

Износот за уплатата за семестарот, треба да се уплати според средниот курс на НБРСМ, кој што важи на самиот ден на уплата. Доколку уплатата е извршена електронски, да се достави испечатен налог со потпис и печат, од соодветната банка.

**IV Студентите запишани ПО ПРВ ПАТ во учебните години од: 2015/2016 до 2019/2020 година** доколку не ја запишале уч.2022/2023 година во редовниот рок, треба да приложат индекс и само образец за запишување на семестар А3 (6 семестар-повторно).

07.02.2023 г.

Од деканатот,